

Денес на големиот празник Свети Кирил и Методиј и денот кога ја слушнавме веселата вест за признавање на МПЦ-ОА од страна на Српската православна црква, членови на претседателството на Унија на Ветерани на ВМРО-ДПМНЕ одржаа состанок со членови на раководствата на Општинските Комитети на: УВ Гостивар, УВ Македонски брод и УВ на Маврово Ростуше во штабот на ВМРО-ДПМНЕ во Гостивар.

На денешниот состанок се испратија неколку пораки:

1. Несправувањето со пандемиската, енергетската, економската и безбедносната криза, ја натера опозицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ да преземе низа мерки против актуелната власт.
2. Поради „украдената демократија“ и против донесувањето на лоши решенија веќе започнаа блокадите во законодавниот дом, а веќе на 18 јуни се спрема голем народен митинг на кој народот ќе го изрази своето незадоволство од актуелната власт и ќе бара предвремени избори.
3. Излезот е предвремени избори на кои следува силна победа за ВМРО-ДПМНЕ која ќе ја спаси Македонија од штетните политики на СДСМ!
4. Редно е СДС и ДУИ да заминат во опозиција на подолг одмор, зошто од нив

државата има само штета. Редно е да дојдат на власт оние кои имаат доверба кај народот и кои знаат и умеат да ја извлечат земјата од криза, предизвикана од прекумерна „демократија'.

5. Силна подршка за политиките кои ги креира Претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Проф. Др. Христијан Мицкоски,
6. Сенародниот протест на 18 јуни ќе биде еден од најмасовните до сега затоа што македонските граѓани сакаат промени, тоа го покажуваат и анкетите
7. Членовите на УВ на ВМРО-ДПМНЕ во Македонија и дијаспората се обединети и мотивирани  како што беа обединети и мотивирани деведесетите години.
8. Ветераните масовно ќе земат учество на најавениот голем протест на 18 јуни.
9. Влегуваме во конечната историска битка за спас на Македонија, од оваа битка враќање назад нема.
10. 18 јуни е почеток на крајот од владеењето на ова расипничка и антимакедонскла влада.

***Унија на Ветерани на ВМРО-ДПМНЕ***




ВМРО
ДПМНЕ










MACEDONIA
LG










ВМРО-ДПМНЕ
ВМРО-ДПМНЕ











